Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

...Тргни ги овие огледала!Не сакам да се гледам себеси.Не сакам да гледам пропаст...ме убива...
Малку ли се туѓите корени кои растат во мене?
Малку ли се лицата кои од другата страна иронично се потсмевнуват?
Паѓам на колена...заробена...уништена..поразена...Во огнот на несигурните фрлена е уште една душа полна со сомнежи,болка...
Засрамена од светот...се засолнувам во сенките на мојот сон. Станав бескраен сонувач Секогаш сонувам за подобро утре...уф колко ли само боли исчекувањето.
Чекам...секогаш чекам...Што???!
Се чекам самата себе си.Ја очекувам средбата со моето ЈАС...моето вистинско јас изгубено низ трагите на безвредниците....
Средбата...веќе ми стана моја молитва...моја надеж...
Чувствувам..ги губам силите...ми свенува погледот...згаснувам во прегратките на несигурноста...целосно изморена паѓам пред иконите...јас молам...молам за уште еден ден...уште еднодневно биење на моето срце...со голема,ОГРОМНА надеж дека утрешниот ден ќе ми ја донесе радоста...дека нема да заминам прегазена...Го давам последниот здив...за молитва...